ООМУ „Васо Карајанов“ Гевгелија

# САМОЕВАЛУАЦИЈА

## ООМУ „Васо Карајанов“ - Гевгелија

## 2022-2024



август, 2024

# СОДРЖИНА

**Основни податоци за училиштето ООМУ „Васо Карајанов“ – Гевгелија ........ 3**

**Училишна комисија за самоевалуација ........ 4**

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење ........ 5**

**Подрачје 2: Постигнувања на учениците ........ 12**

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето ........ 16**

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики ........ 22**

**Резиме од извршената самоевалуација ........ 26**

# ООМУ„ВАСО КАРАЈАНОВ“ – ГЕВГЕЛИЈА

| Самоевалуација на училиштето | |
|---|---|
| **Училиште** | ООМУ „Васо Карајанов“ - Гевгелија |
| Адреса | Ул. Ристо Фаршинин бр. 41 Гевгелија |
| Телефон, е-пошта | 070 320 892 vasokarajanov@yahoo.com |
| Период на подготовка на СЕУ | јуни-август 2024 година |
| Број на ученици во училиштето | 125 |
| Број на подрачни училишта | / |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Сузана Стефанова |
| Потпис | |
| Датум | 15.08.2024 |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Цеца Малева Стоев |
| Потпис | |
| Датум | 15.08.2024 |

Согласно законот за основно образование по предлог на директорката Сузана Стефанова, Училишниот одбор при ООМУ „Васо Карајанов“ - Гевгелија ја формира училишната комисија која изготви извештај за извршената самоевалуација за периодот 2022 – 2024 година со предлог мерки за подобрување на работата на училиштето во наредните години.

**УЧИЛИШНА КОМИСИЈА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА**

**м-р Сузана Стефанова, Директор**

**Соња Панова, наставник-ментор**
**Маја Зафирова, наставник по виолина**
**м-р Костадин Издушнов наставник по кларинет**
**Виолета Чокова, наставник по балет**
**Десанка Цуклева, родител**

## Подрачје 1. – ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ

***Индикатори:***

**1.1.Планирања на наставниците**
**1.2.Наставен процес**
**1.3.Искуства на учениците од учењето**
**1.4.Оценувањето како дел однаставата**
**1.5.Вonнаставни активности и натпревари**

### Индикатор 1.1. Планирања на наставниците

| Извори на податоците | Теми по индикатори | Добиени информации |
|---|---|---|
| • Годишна програма за работа на училиштето;<br>• Годишни глобални планирања<br>• Тематско-месечни планирања<br>• Дневни подготовки<br>• Планирања на работата на стручниот актив<br>• Размена на искуства и информации<br>• Распоред на | Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br><br>Размена на искуства и на информации при планирањето | • Основното музичко и балетско образование се остварува во училишта за основно музичко образование. Тоа може да биде во траење од девет и шестгодини во зависност од инструментот што се изучува.<br>• Согласно времетраењето на основното музичко образование, изготвени се одделни наставни планови ипрограми.<br>• Наставните планови и програми се во согласност со донесените програмски документи на МОН. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем и ја следат визијата – училиштето да реализира современа, ефикасна и квалитетна настава во 21 век со постигање максимален развој и едукација на учениците и наставниците.<br>• Врз реализацијата на наставните планови и програми влијаат наставниците со тоа што ги интегрираат наставните содржини по одредени предмети, со примена на активна настава – интерактивно учење, со современи наставни форми, методи и техники на учење и поучување.<br>• Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем.<br>• Пред почетокот на секоја учебна година, училиштето изработува годишна програма во која ги планира севкупните активности за реализација на наставните планови и програми како и за реализација на вон-наставните активности. Во Годишната програма се дадени и приоритетни задачи за работа на училиштето кои произлегуваат од долгорочните цели дадени во Развојниот план на училиштето. Годишната програма се разгледува од страна на Наставничкиот совет, Училишниот одбор ја предлага за усвојување на Советот на |

| | | |
|---|---|---|
| часови<br>• анкети со наставници;<br>• интервјуа со директорот, | | Општината. Процедурата за донесување на Годишна програма е целосно запазена.<br>• Според наставниот план донесен во 2019 година, покрај задолжителните предмети, во училиштето може да се формираат до два училишни хора и два оркестра, со што ученикот може да биде ангажиран до два часа неделно во наставата по хор, односно оркестар. Во рамките на додатната настава и слободните ученички активности, училиштата можат да формираат и камерни состави, камерни ансамбли.<br>• Целите на наставните планови и програми коитреба да се остварат треба да ги знаат и учениците и родителите, па поради тоа училиштето применува повеќе начини на информирање на родителите и учениците за истите. Наставните планови и програми непосредно и постојано им се достапни на наставниците и родителите и на учениците како во училиштето, така и на веб страната на МОН со која се запознаваат родителите на првата родителска средба како и преку брошури во кои се издвоени наставните планови и програми за годината на учење на ученикот.<br>• Во нашето училиште настава се изведува по деветгодишнна наставна програма за изучување на инструментите пијано и виолина (учениците започнуваат од шестгодишна возраст), шестгодишна наставна програма за музичките инструменти флејта и кларинет (учениците започнуваат од деветгодишна возраст) како и шестгодишно балетско образование (од деветгодишна возраст)<br>• На почетокот на секоја учебна година се изготвуваат годишни глобални и тематско – месечни планирања за секоја година на учење кои се доставуваат до директорот на училиштето. Планирањата на наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Јасно се утврдени целите на наставата како и настанатите методи и форми на работа.<br>• Во училиштето редовно се реализираат вонаставни активности, како и дополнителна и додатна настава. Наставниците соодветно ја бележат самата реализација во дневниците. Придобивките од вонаставните активности (како на пример камерна музика) се големи. Постои дружба, социјализација, се развиваат комуникациските вештини, креативните способности, се прошируваат знаењата и умеењата, се развиваат вештините, се афирмира училиштето. Учениците подолго време минуваат во училиште, а со тоа поголема е можноста од заштита од сите негативни надворешни влијанија.<br>• Наставните планови и програми одобрени од МОН целосно се реализираат. При тоа се земаат во предвид индивидуалните психофизички способности на учениците.<br>• За успешна реализација на истите, се изготвуваат и дневни подготовки за секоја наставен час. Во нив наставниците ја разработуваат содржината што ја предаваат, целите што треба да се постигнат, како и методите и формите на наставната работа.<br>• Следењето на планирањата на наставниците го врши директорот на училиштето. Од посетените часови се водат записници. |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Поради недостаток на учебници по индивидуална настава, училиштето на учениците им обезбедува стручна литератира преку копирање, од интернет и сл. Во рамките на потребите училиштето обезбедува нагледни средства, а во рамките на своите можности организира едукација на наставниците.<br>• Од записниците на стручните активи се констатира дека наставниот кадар разменува искуства и идеи за сите видови на планирања.<br>• Пред почетокот на учебната година наставниците изготвуваат распоред на часови за учениците од својата класа и истиот го прилагодуваат да биде во корелација со распоредот на наставникот по групна настава.<br>• Истиот во текот на годината може да претрпи промени во зависност од потребите на учениците или поместување на термините поради осипани ученици. |

## Индикатор 1.2. Наставен процес

| Извори на податоците | Теми по индикатори | Добиени информации |
|---|---|---|
| • Инструмент за следење на планирањата и подготовка на наставен час;<br>• Годишни иполугодишни табеларни извештаи од училиштето;<br>• Годишни, тематски, дневни планирања;<br>• Годишна програма за работа на директор;<br>• Увид на час;<br>• Записници од активи;<br>• Дневници и | Реализација на наставни планови и програми<br><br>Избор на наставни предмети<br><br>Избор на задачи, активности и на ресурси<br><br>Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно<br><br>Реализација на образовна инклузија<br><br>Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | • Наставниот процес се одвива преку групна и индивидуална настава за музичкиот оддел и групна настава за балетскиот оддел. Во групната настава учениците од музичкиот оддел ги изучуваат теоретските предмети како и слободните ученички активности – хор и оркестар, додека изучувањето на инструментот се одвива во индивидуална настава. Така што комуникацијата наставник – ученик е на високо на ниво на взаемно почитување, меѓусебна соработка и разбирање, без оглед на нивниот пол, социјалното потекло и религиска пропадност.<br>• Секоја учебна година училиштето како и наставниците ја започнуваат одговорно. Сите подготовки за навремено започнување со наставниот процес се изготвуваат во месец август, а со активна настава уште на првиот час од новата учебна година.<br>• Директорот планира посета на часови, со однапред договорен термин со наставниците. Од секој увид, директорот прави записник по кој со предметниот наставник води дискусија.<br>• За планираната и реализираната настава, се води табеларен извештај на крајот од првото и на крајот од второто полугодие од учебната година.<br>• Учениците во нашето училиште се активни партиципиенти во наставата и сакаат да ги искажуваат своите мислења. Наставниот кадар на секаков начин ги охрабрува учениците да ја сватат наставата како процес во кој тие треба активно да учествуваат.<br>• Во индивидуална настава се остварува директна комуникација со ученикот, односно полесно и побрзо утврдување на недостатоците и проблемите во образовниот процес.<br>• При ваков вид на настава, наставникот се прилагодува на потребите и можностите на |

| | | |
|---|---|---|
| дневни подготовки;<br>• Наставна програма за секој инструмент;<br>• Дневници | | еден ученик кој индивидуално се развива и напредува врз претходно утврдената наставна програма.<br>• Согласно законот за основно образование, се определува задолжителното користење на информатичко – комуникациските технологии во училиштето за реализација на воспитно-образовната работа.<br>• Користењето на ИКТ за време на часовите, наставниците го евидентираат во дневните подготовки и во дневниците. |

**Индикатор 1.3. Искуства на учениците од учењето**

| Извори на податоците | Теми на индикатори | Добиени информации |
|---|---|---|
| • Записници од родителски средби, НС, УО<br>• Годишни и полугодишни извештаи<br>• Професионални досиеја | Средина и атмосфера за учење<br><br>Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците | • Средината, просторот, климата, условите, хигиената и односот на наставниците кон учениците е на високо ниво. Ова се гледа и од се помалото отсуство на учениците од наставата.<br>• Раководниот тим во училиштето и наставниот кадар создаваат здрава училишна клима и подеднакво ги мотивираат учениците од различен пол и различни психофизички способности.<br>• Показател за одговорноста на наставниците при воспитно – образовниот процес како и за учењето на учениците се голем број на награди освоени на државни и меѓународни натпревари. Во последниве две години, учество на натпревари остваруваат 1/5 од учениците, од кои околу 90% освојуваат високи награди. |

**Индикатор 1.4. Оценувањето како дел од наставата**

| Извори на податоците | Теми на индикатори | Добиени информации |
|---|---|---|
| • Годишна програма за работа на училиштето;<br>• Критериуми на оценување;<br>• Увид во педагошка | Училишна политика за оценување<br><br>Методи, форми и инструменти за оценување<br><br>Коефициент на | • Согласно наставните програми, учениците се оценуваат описно, комбинирано и бројчано, согласно годината која ја изучуваат.<br>• Оценувањето се изведува на два начина: писмено (преку тестови, диктат, наставни ливчиња) и усно.<br>• На крајот на секоја учебна година, учениците се оценуваат преку полагање на годишни испити. За истите се водат записници од трочлена комисија во кои се евидентира програмата со која излегуваат на годишен испит, оцената од испитот.<br>• Учениците кои не се јавиле на годишен испит не можат да продолжат со школувањето. |

| | | |
|---|---|---|
| евиденција и документација;<br>• Главни книги;<br>• Записници од годишни испити;<br>• Статистички извештаи<br>• Евидентни листови;<br>• Свидетелства;<br>• Записници од родителски средби;<br>• Евиденција на наставниците за остварена родителска средба | континуитет на успехот на учениците<br><br>Користење на информациите од оценувањето во наставата | • Во индивидуалната настава по инструмент се следи напредокот кај ученикот. Истиот се оценува најмалку еднаш месечно, а на крај од секој месец се дава описна оценка за совладување на наставните цели и содржини.<br>• Наставниците по иструмент најмалку еднаш во текот на учебната година организираат јавен час со сите ученици во својата класа. Примерок од изготвените флаери се наоѓаат во портфолието на наставниците.<br>• Во дневниците за индивидуална настава се води евиденција за секој настап, учество на натпревар, како и за освоените награди на ученикот. Се запишува и програмата и оцената од годишниот испит.<br>• Во дневниците за групна настава се евидентираат оцените по сите предмети како и изостаноците и нивното поведение.<br>• Во сите дневници, покрај редовната, се води и реализираната додатна и дополнителна настава.<br>• Оцените за завршената година се внесуваат и во главните книги кои остануваат како трајни документи во училиштето.<br><br>• Родителите за успехот на учениците се известуваат на постојаните индивидуални (преку телефонска и електронска комуникација), родителски средби, преку евидентни листови, свидетелства.<br>• Успехот и поведението за првото и третото тромесечие, како и за крајот од првото полугодие се воведува во евидентни листови. Истите<br>• им се доставуваат на увид на родителите на групни родителски средби (во месеците ноември, јануари, април, јуни) |

## Индикатор 1.5. Вonнаставни активности и натпревари

| Извори на податоците | Теми на индикатори | Добиени информации |
|---|---|---|
| • Разговор со директорот<br>• Разговор со ученици, наставници и родители<br>• Педагошка евиденција и | Обем и разновидност на планираните и реализираните вonнаставни активности<br><br>Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со | • Училиштето планира и речиси во целост ги реализира вonнаставни активности кои се одраз на интересите и потребите на учениците. Училиштето овозможува најголем број на ученици да бидат вклучени во вonнаставнна активност во зависност од нивните желби и можности.<br>• Учениците се вклучуваат во вonнаставните активности по сопствен избор и тие имаат водечка улога при изготвувањето на вonнаставните активности( концерти, јавни настапи, училишни натпревари,смотри итн.) а наставниците ја имаат советодавната координативна улога.<br>• Учениците се вклучени во вonнаставните активности како што се: натпревари, концерти, |

| | | |
|---|---|---|
| документација<br>• Пофалници<br>• Плакети<br>• Годишна програма за работа<br>• Благодарници<br>• Анкета<br>• Веб портал<br>• Разговор со стручна служба | вонnаставните активности<br><br>Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности<br><br>Натпревари | јавни настапи, смотри, училишни приредби, класни концерти итн.Наградените ученици на натпревари добиваат дипломии пригодни награди и пофалници. На наставнички совет се читаат и јавно се пофалуваат учениците што добиле признанија и дипломи и сите нивни успеси и награди се евидентираат како активност на ученикот во тековната учебна година.<br>• Учениците се секогаш стимулирани и подржани од училиштето и наставниците да учествуваат на локални и државни натпревари и манифестации, и со подршка од училиштето и наставниците се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално и државно ниво.<br>• За постигнатите резултати учениците и училиштето се афирмираат и преку веб порталот на училиштето, локалниот месечен весник Дневен билтен - Гевгелија весник, на локалните медиуми, изложби, итн. |

**АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ:**

- Наставниците ги реализираат наставните планови и програми одобрени од МОН. При реализацијата се користат современи форми и методи за работа.
- Наставниците ги прилагодуваат наставните содржини спрема способностите на учениците, преку адекватен, индивидуален пристап кон секој ученик.
- Покрај задолжителната настава, наставниците ја планираат и реализираат и воннаставната активност во училиштето, низ која учениците се стекнуваат со проширени знаења, умеења и навики.
- Учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор и тие имаат водечка улога при изготвувањето на воннаставните активности( концерти, јавни настапи, училишни натпревари,смотри итн.) а наставниците ја имаат советодавната координативна улога.
- Учениците се вклучени во активности како што се: натпревари, концерти, јавни настапи, смотри, училишни приредби, класни концерти итн.
- Сето тоа е планирано во годишната програма и реализирано, наградените ученици на натпревари добиваат дипломии пригодни награди и пофалници, на наставнички совет се читаат и јавно се пофалуваат учениците што добиле признанија и дипломи и сите нивни успеси и награди се евидентираат како активност на ученикот во тековната учебна година
- Учениците се секогаш стимулирани и поддржани од училиштето и наставниците да учествуваат на локални и државни натпревари и манифестации, и со подршка од училиштето и наставниците се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално и државно ниво.

За постигнатите резултати учениците и училиштето се афирмираат и преку веб порталот на училиштето, локалниот месечен весник, на локалните медиуми итн.

**СИЛНИ СТРАНИ:**

- ❖ Синхронизација на наставните програми со потребите и можностите на учениците;
- ❖ Квалитетен индивидуализиран пристап на наставниците за потребите на учениците;
- ❖ Редовни планирања и подготовки на наставниот процес и успешна реализација на концертна дејност;
- ❖ Водење на наставниот процес со сите видови на интеракција помеѓу наставниците и учениците;

- Комуникација со училиштата од овој вид (размена на искуства и идеи, организирање на концерти и сл.)
- Збогатување со нови наставни содржини (нотна литература)
- Јавни настапи со што се овозможува афирмација на училиштето и учениците во разни манифестации.
- Училиштето успешно ја спроведува програмата за јавна и културна дејност
- Учениците имаат можност да го искажат своето мислење и да учествуваат во давање на предлози во разновидноста на програмата.
- Учество на учениците на локални, регионални, државни и меѓународни натпревари и други манифестации;
- Во училиштето се следи планирањето и реализацијата наанаставата.
- Училиштето нуди можност за примена на ИКТ во наставата,
- Во училиштето се користат разновидни наставни форми, методи, техники и активности што се соодветствуваат на потребите и можностите научениците.

**СЛАБИ СТРАНИ**

- Семинари и обуки кои би овозможиле осовременување на наставниот процес;
- Обуки за оценување

**ИДНИ АКТИВНОСТИ: ПРИОРИТЕТНИ ПОДПОДРАЧЈА (ОДДЕЛИ) ВО РАМКИТЕ НА ОВА ПОДРАЧЈЕ КОИ МОЖЕ ДА БИДАТ ВКЛУЧЕНИ ВО ПЛАНОТ ЗА РАЗВОЈ НА УЧИЛИШТЕТО**

- Афирмација и високи резултати на учениците преку квалитетна настава
- Поголема вклученост на учениците при планирањето на воннаставните активности.
- Оспособување на наставниците за самостојно изработување на ИКТ ресурси.
- Афирмирање на училиштето преку јавните настапи и натпревари на учениците

## Подрачје 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

***Индикатори:***
**2.1 Постигање на учениците**
**2.2 Мерки за подобрување на постигањата**

### Индикатор: 2.1. Постигање на учениците

| Извори на податоците | Теми на индикатори | Добиени информации |
|---|---|---|
| • Дневник за групна настава/индивидуална настава<br>• Евидентни листови за успех и поведение<br>• Полугодишен и годишен извештај<br>• Записници од Наставнички совет<br>• Записници од стручни активи<br>• Годишна програма за работа и извештај за работа на училиштето<br>• Програма за додатна и дополнителна настава | Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди<br><br>Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост<br><br>Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | • Училиштето ги следи постигањата на учениците по сите наставни предмети, по пол и етничка припадност.<br>• Постигнатиот успех на учениците се бележи описно и бројчано. Во деветгодишната наставна програма учениците од I– IIIодделение се оценуваат описно, од IV–VIкомбинирано, а од VI – IXодделение се оценуваат бројчано, а во шестгодишната наставна програма учениците се оценуваат комбинирано од<br>• I – IIIодд. и бројчано од IV – VIодделение.<br>• Во нашето училиште сите ученици се со македонска националност.<br>• За успехот на учениците родителите се информираат на родителски средби, групни и индивидуални, преку евидентни листови за успех и поведение на учениците.<br>• Просекот на учениците во изминативе години е на високо ниво.<br>• За подобрување на успехот и постигнувањата на учениците, наставниците применуваат различни активни форми и методи на работа, креативни техники за поттикнување на уметничкиот дух, употреба на ИКТ во наставата, организирање на индивидуални родителски средби на кои родителот има можност да ја следи индивидуалната настава и на тој начин да се согледаат, а воедно и совладаат сите ситуации и во зависност од нив да се превземат соодветни мерки.Со овие методи и форми на работа часовите се поинтересно организирани, учениците повеќе се активираат и се остварува поголема помош од наставниците. Во оценувањето се применува поголема транспарентност и формативно следење и оценување на учениците со што се придонесува за поголема објективност и праведност.<br>• За напредокот на учениците и нивниот развој, нивната редовност-присуство и поведение во училиштето се води следната евиденција:<br>-Дневници за индивидуална настава |

| | | |
|---|---|---|
| | | -евидентни листови<br>-главни книги<br>-записници од наставнички совет<br>- записници од УО<br>-записници од совет на родители<br>-записници од стручните активи<br>-индивидуални дневници за следење на напредокот на учениците<br>• Евиденцијата за напредокот на учениците која се води во училиштето им е достапна на наставниците и родителите. На учениците евиденцијата им е достапна преку раководителите на паралелките, класите директорот.<br>• За да се подобри наставата на наставничките состаноци се врши анализа на реализацијата на наставните планови и програми, анализа на постигнатиот успех на учениците, нивното учество на конкурси и натпревари, анализа на редовноста и поведението во училиштето.<br>• Редовно се одржуваат: додатна настава и за талентираните ученици и дополнителна настава **со учениците за подобрување на напредокот. Извршените анализи и извештаите се презентираат пред родителите на седниците на: Советот на родители, Училишниот одбор и родителските средби. Како поттик се издвојуваат и пофалуваат учениците кои учествувале на конкурси и натпревари добиле награди.** |

## Индикатор 2.2. Мерки за подобрување на постигањата

| Извори на податоците | Теми по индикатори | Добиени информации |
|---|---|---|
| • Увид во педагошка евиденција и документација<br>• Записник од Наставнички совет<br>• Дневници за група/индивидуална настава<br>• Податоци од главна книга<br>• Програма за работа и извештај од работата | Редовност во наставата<br><br>Советување на родители/старатели и ученици<br><br>Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | • Во однос на редовноста на учениците, училиштето континуирано ги следи изостаноците, наставниците навремено ги известуваат родителите и се превземаат соодветни мерки (надополнување на изгубената настава преку дополнителни часови во договор со ученикот и родителот). Контактите наставник-родител (особено за индивидуалната настава) се чести и навремени и имаат завиден ефект во однос на редовноста.<br>• Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно ги применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за напредокот и постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајки и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. За таа цел се користат формални и неформални средби, групни и индивидуални средби со родителите, кои се добро организирани и на кои јасно се пренесуваат информациите. |

| | | |
|---|---|---|
| на училиштето<br>• Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители;<br>• Писмени извештаи;<br>• Евидентни листови.<br>• Свидетелства<br>• Дипломи<br>• Пофалници | | • На овие средби се разговара за успехот и поведението на учениците, однесувањето на учениците во и надвор од училиштето, избегнување на негативните влијанија и појави во општеството, негување на позитивни црти на личноста.<br>• На манифестациите до израз доаѓаат постигањата, талентите и афинитетите на учениците.Родителите добиваат пишани извештаи и евидентни листови на крајот од секое тромесечие со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето, а на крајот од учебната година свидетелство.<br>• Наставниците во текот на учебната година одржуваат родителски средби и класни концерти на кои родителите се известуваат за успехот на своите деца и за напредокот. |

**АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ:**

- Училиштето располага со електронски верзии на годишните програми за работа на училиштето, како и електронски верзии на сите полугодишни и годишни извештаи кои училиштето со закон е должно да ги донесе и да ги архивира.
- Следење на постигање на учениците од различен пол по наставни предмети и квалификациони периоди,се применува во полугодишните и годишните извештаи на наставниците по наставни предмети е проследено и документирано во извештаите на училиштето со среден успех на учениците.
- Се заклучува дека средниот успех на учениците од двата пола и етничка припадност,секогаш е со висок просек,што се должи на карактерот на нашето училиште,посветено на таленти и ученици со голема желба да ја изучуваат музичко балетската уметност. Се реализираат училишните програми и програмите на стручните активи со што се овозможува можност на учениците за потполно користење на нивните квалитети и капацитети.
- Идентификација на учениците со тешкотии во учењето е спроведено од наставниците во индивидуалната настава и групната настава.Иако овој број на ученици е мал им се посветува внимание преку дополнителната настава и прилагодување на програмот со нивните можности што е предвидено и дозволено во наставните програми.
- Идентификацијата на надарени ученици е основа на работата на нашето училиште.Наставниците работат со целта откривање на таленти,систематско работење на програмата за работа,поттик за напорното вежбање и изучување на дадениотматеријал.Наставниците настапуваат со посебен педагошки пристап од охрабрувачки карактер, најмногу пред предстојните ревијални или натпреварувачки настапи.
- Училиштето има план за дејствување во текот на целата година со цел поуспешна презентација на училиштето и со тоа привлекување на поголем број на нови ученици.Се следи редовноста во наставата и истата е на задоволително ниво.Специфичноста на нашето училиште,музичко и балетско основно образование кажува необавезно образование и најмногу опфаќа талентирани ученици.Секое дете има можност да се запише во нашето училиште, но и неминовноста на природна селекција на учениците и нивно осипување во текот на нивното школување кај нас.

- Во училиштето нема случај на повторување на ученик поради карактерот на ова образование.Со полагање на годишните испити учениците ја завршуваат годината,додека тие ученици кои од оправдани причини не се во можност да го полагаат годишниот испит во јуни,спроведен е годишен испит во август.

**СИЛНИ СТРАНИ:**

- Училиштето располага со комплетни податоци внесена во единствена база на податоци по пол и етничка припадност, по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди.
- Училиштето планира и превзема конкретни активности за континуирано задржување на веќе постоечкиот висок просек на средниот успех. Средниот успех на учениците од двата пола и етничка припадност е секогаш со висок просек.
- Спроведено е известувањето на родителите со евидентни листови со успехот и поведението на учениците на секое тромесечје .Редовно се оддржуваат родителски средби кои се евидентираат во наставните дневници како и поединечни средби со родителите.По потреба се повикуваат родителите да се укаже на проблемите со ученикот.Последните 2 години се посветува поголемо внимание и напор за нивна застапеност во учество на јавни настапи ,за поуспешно градење на нивната самодоверба и потик за совладување на дадениот материјал. Наставниците работат соцелта откривање на таленти,систематско работење на програмата за работа,поттик за напорното вежбање и изучување на дадениот материјал.Голем број на учество на ученици од сите класина државни и меѓународни натпревари. Голем број на концерти и други јавни настапи.
- Училиштето има план за дејствување во текот на целата година со цел поуспешна презентација на училиштето и со тоа привлекување на поголем број на нови ученици. Запишаните ученици потекнуваат од градот и населенитеместа.
- Се следи редовноста во наставата и истата е на задоволително ниво. Учениците кои се со поголем број на изостаноци навремено се известуваат родителите и се бара причината за нередовноста на ученикот.
- Во училиштето нема случај на повторување на ученик,поради карактерот на ова образование.

**СЛАБИ СТРАНИ**

- Училиштето има потреба од подобрување на веб страната во смисла на почесто и навремено ажурирање на податоци и информации.

**ИДНИ АКТИВНОСТИ: ПРИОРИТЕТНИ ПОДПОДРАЧЈА (ОДДЕЛИ) ВО РАМКИТЕ НА ОВА ПОДРАЧЈЕ КОИ МОЖЕ ДА БИДАТ ВКЛУЧЕНИ ВО ПЛАНОТ ЗА РАЗВОЈ НА УЧИЛИШТЕТО**

- Воведување на нови иновативни методи на предавање на наставниот материјал со цел да се поедностави тежината и обемот на наставните содржини
- Создавање на стратегија за афирмација преку медиуми за постигнатите резултати од натпреварите на надарените и талентирани ученици.
- Воведување на дневник за регистрирање на концертни настапи и натпревари на учениците и нивните наставници
- Промовирање од страна на училиштето на секој можен начин на уверувањето дека постигнувањата на учениците и наставниците можат да се подобрат, односно да важи девизата она што е добро да не задоволи туку тоа да го направиме уште подобро за доброто на сите.
- Превземање мерки за осипување на ученици.

## Подрачје 3 – УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

***Индикатори:***

**3.1.Училишна клима**
**3.2.Еднаквост и правичност**
**3.3.Партнерски однос со заедницата**
**3.4.Севкупна грижа за учениците**

### Индикатор 3.1. Училишна клима

| Извори на податоци | Теми по индикатори | Добиени информации |
|---|---|---|
| • Кодекс на однесување<br>• Годишна програма на училиштето<br>• Куќен ред<br>• Одделенски дневници<br>• Веб страна на училиштето<br>• Локални медиуми<br>• Должности и правила за однесување на наставниците и учениците<br>• Записници од стручни активи<br>• Записници од УО<br>• Записници од | Углед/имиџ на училиштето<br><br>Кодекс на однесување<br><br>Училишна клима<br><br>Поведение и дисциплина во училиштето<br><br>Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми | **Углед/имиџ на училиштето**<br>Вработените со својата работа и однесување придонесуваат за целосна афирмација на училиштето.Училиштето е препознатливо според високиот квалитет на работа и постигнување на високи резултати на учениците на државни и меѓународни натпревари, нивни настапи на државни и локални медиуми. Соодветно постигнати високи педагошки резултати училиштето го носи епитетот„Расадник на млади таленти“.Највисоко наградените ученици и нивните педагози се промовираат преку приеми организирани од страна на Градоначалникот на Општина Гевгелија. Присутно е учество на наши ученици и концертно активни наставници на сите културни манифестации на општинско ниво.<br>Секој настап е евидентиран преку локалните и државни медиуми.<br>Наменскиот денар на родителите во зајакнувањето на училишниот живот се гледа од Програмата на советот на родители, и одзаписниците од родителско-наставничките средби (групни и индивидуални).<br>Заедницата има свои претставници во Училишниот одбор.<br>**Кодекс на однесување**<br>Во училиштето има Кодекс на однесување на наставници, ученици и родители со кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето.<br>Училиштето нема процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата во однесувањето пропишани со Кодексот. |

| | | |
|---|---|---|
| Совет на родители<br>• Годишна програма за работа на Ученичките заедници | | **Училишна клима**<br>Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените што се гледа од увидот во записниците на Наставничкиот и Одделенските совети, стручните активи кои работат по свои програми што се дел од Годишната програма на училиштето како и од веб страната на училиштето.<br>Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Од наведените извори може да се дојде до сознание дека учениците се чувствуваат прифатени од вработените и другите ученици без оглед на нивната способност, полот, етничката припадност, социјалното потекло и вероисповеста.<br>**Поведение и дисциплина во училиштето**<br>Дисциплината на учениците е добра. Поведението и дисциплината се на завидно ниво со исклучок на мал број на ученици заради: нередовноста на наставните часови која што честопати е оправдана од медицински лица и од страна на родителите.<br>Наставниците постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време начасовите, приемот на најмалите ученици и нивното заминување од училиштето.<br>**Инклузија на учениците во решавањето на проблеми и донесувањето на одлуки**<br>Учениците се навремено и целосно информирани за се што е од нивен интерес. Заедно со наставниците делумно учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето на одлуки. |

**Индикатор 3.2. Еднаквост и правичност**

| Извори на податоци | Теми по индикатори | Добиени информации |
|---|---|---|
| • Годишни глобални и тематски планови и програми по предмети<br>• Дневник | Познавање и почитување на правата на децата<br><br>Еднаков и правичен третман на сите ученици | • Во ООМУ „Васо Карајанов” Гевгелија се води грижа за родовата сензитивност. Сите ученици независно од националната припадност се подеднакво вклучени во активностите на училиштето. Во музичкото училиште постојат еднакви наставни содржини за сите ученици (машки и женски) со што подеднакво се третираат и двата пола без полова дискриминација.<br>• За талентираните ученици и учениците со потешкотии во наставата во Музичкото училиште се организираат додатна и дополнителна настава.<br>• Вработените стручни лица, заедно со наставниците внимаваат сите ученици да добијат еднаков третман во индивидуалната и во групната настава. |

**Индикатор 3.3. Партнерски однос со заедницата**

| Извори на податоци | Теми по индикатори | Добиени информации |
|---|---|---|
| • Годишна програма за работа на училиштето<br>• Записници од Совет на родители на училиштето<br>• Одделенски книги<br>• Архива<br>• Годишен извештај за работата на училиштето<br>• Извештај за реализирање на новогодишен концерт<br>• Покана за концерт<br>• Фотографии и DVDи локалните медиуми, весници и веб портали<br>• Разговор со директор<br>• Дипломи од освоени награди | Соработка на училиштето со родителите/старателите<br><br>Соработка со општината и со урбаната заедница | • Родителите на учениците од музичкото училиште се вклучуваат во тековните настани преку родителски средби, индивидуални родителски средби, вклучување на членови во Советот на родители, членување во Училишен одбор со што се запознаваат со проблемите на училиштето.<br>• Со родителите најчесто се комуницира усно, но по потреба и писмено. При информирањето им се даваат информации за: успехот во наставата, поведението на ученикот, пофалба.<br>• На родителите на наставничко-родителските средби, на средбите на Советот на родители на ниво на училиште им се даваат информации за: наставните планови и програми, наставниот кадар, постигањата на учениците, Кодексот на однесување за наставници и ученици, Куќниот ред во училиштето, хигиената, семинарите, концертите, натпреварите, јавните настапи и др.<br>• Соработката со локалната средина е постојана во текот на целата година. Секој настан, настап или успех локалните медиуми го презентираат пред јавноста.<br>• Секој настап на учениците е фотографиран и истите се објавуваат на страната на училиштето преку кој се презентираат сите активности на училиштето.<br>• Училиштето соработува со следните институции од локалната средина:<br>1.Градинки<br>2.Информативни медиуми<br>3.Основни и средни училишта<br>4.Пионерски дом – Гевгелија<br>5.Народен театар – Гевгелија<br>6.Дом на култура – Гевгелија<br>7.Библиотека „Гоце Делчев“ - Гевгелија<br>• Соработката се состои од:<br>1. Учество на разни манифестации и претстави од областа на културата и уметноста<br>2. Известувања за успесите на учениците на регионални, државни и меѓународни натпревари;<br>3. Реализација на проекти;<br>• Сите јавни настапи од типот на јавни часови, јавни настапи и концерти, Новогодишниот и |

| | | |
|---|---|---|
| | | Годишниот концерт, Патрониот празник на училиштето се отворени за јавноста.<br>• За време на уписите во нашето училиште, во основните училишта и градинките, пред учениците кои се на возраст за запишување во музичкото и балетското образование се прави презентација на инструментите и балетот кои се дел од наставната програма во училиштето.<br>• Учениците со дипломите од освоените награди на државните и меѓународните натпревари се објавуваат на медиумите по завршувањето на натпреварот. Копии од исите се истакнуваат на видно место во училишната зграда како и во досиејата на наставниците кои се достапни за увид на надлежните органи. |

**Идикатор 3.4. Севкупна грижа за учениците**

| Извори на податоците | Теми за индикатори | Добиени информации |
|---|---|---|
| • Годишна програма на училиштето<br>• Полугодишен извештај<br>• Правила за однесување<br>• Проекти | Превенција и заштита од насилство<br><br>Заштита од пушење, алкохол и од дрога<br><br>Хигиена и заштита од болести<br><br>Грижа за безбедноста на учениците и вработените<br><br>Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците<br><br>Давање помош при изборот за продолжување на образованието | • На почетокот на учебната година училиштето врши припрема за почеток на наставната година и за безбедно изведување на наставата .Секој ученик има дневник по индивидуална настава и е заведен во гл. книга на училиштето.<br>• Уписот на учениците се врши со пополнета пријава од страна на родителот.<br>• Училиштето има пропишани правила за однесување на учениците и наставниците. Училиштето нема организирана исхрана.<br>• Во текот на месец мај училиштето организира концерти во детските градинки и со рекламни материјали се запознаваат нивните родители за распишаниот оглас за прием на нови ученици.<br>• На крајот од учебната година се распределуваат учениците од прво одделение по отсеци и класи.<br>• Оние ученици кои подоцна се запишуваат со дополнителна настава и вонредни испити им се овозможува де се вклопат во редовната настава.<br>• На почетокот на учебната година наставниците обезбедуваат литература за секој ученик така да наставата уште на почетокот се одвива без никакви застои.<br>• Во близина на училиштето не е поставен сообраќаен знак за предупредување дека во близина има училиште.<br>• Училиштето располага и со противпожарниапарати |

**АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ:**

Музичкото училиште води целосна грижа за остварувањето на визијата и мисијата кои се истакнати на видно место во училиштето. Исто така се води и грижа за родовата сензитивност.При формирањето на паралелките, односно, при секое запишување на нови ученици, се прави аудиција за прием на ученици кои што се талентирани на истата секој ученик добива право да се запише во Музичкото училиште според индивидуалните музички спосбности кај истите. Училиштето обезбедува еднакви наставни содржини за сите ученици штоза учениците со потешкотии во учењето се изведува дополнителна настава, а за талентираните ученици се организира додатна настава. **С**о тоа наставниците ги поддржуваат талентираните ученици, а учениците кои што имаат потешкотии во учењето, преку изведување на дополнителна настава го надополнуваат она што е потешко или помалку јасно. За сите поважни случувања поврзани со учениците, се дискутира со родителите на родителско-наставничките средби (групни и индивидуални), со сите проблеми, доколку ги има се запознава и Советот на родители, Училишниот одбори, Ученичката заедница. Музичкото училиште има Кодекс на однесување, а има и пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата.

Дисциплината на учениците е добра.Нема проблеми поврзани со лошо однесување на учениците за време на настава, а речиси секоја нередовност на ученик, е оправдана од родител или медицинско лице. Заради тоа во училиштето нема прекини во учењето и наставата.

Наставниците постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на приемот и нивното заминување од училиштето. Особено им се дава голема важност на учениците кои што се многу мали, а сами доаѓаат на настава. Секој наставник има податоци за секој таков ученик и редовно контактира со родителите околу доаѓањето и заминувањето. Учениците се навремено и целосно информирани за се што е од нивен интерес. Тие учествуваат во решавањето на проблеми и донесувањето на одлуки.

Постои професионална соработка меѓу вработените кои ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други и да се чувствуваат прифатени од вработените и другите ученици без оглед на разликите.

За да ги промовира личните постигнувања на учениците училиштето: јавно ги пофалува, организира јавна презентација на постигањата на училиштето, врши презентација на јавни културни приредби со учество на ученици, учествува на натпревари и конкурси од државен или меѓународен карактер, фестивали и др..

Училиштето ги следи сите ученици и води грижа да добијат еднаков третман. Еднаквоста и правичноста во третманот на учениците започнува уште со нивниот упис во училиштето.

Родителите се информираат за се што е поврзано со нивното дете од страна на наставникот. Со нив се комуницира најчесто усно, но по потреба и писмено. При информирањето им се даваат информации за: успехот во наставата, поведението на ученикот, пофалба. На родителите на наставничко родителските средби ,средби на Советот на родители на ниво на училиште им се даваат информации за: наставниот кадар, наставните планови и програми, постигањата на учениците, организационата поставеност на училиштето, Кодексот на однесување, Куќниот ред во училиштето итн.Дел од родителите се недоволно информирани од страна на некои наставници за работата и правилата во училиштето при што доаѓа до недоразбирање и реакции од страна на родителите, меѓутоа тимот за училишна клима и односи во училиштетоќе се потруди да ја подобри климата помеѓу вработените во училиштето како и односите помеѓу наставниците и родителите.

Училиштето соработува со другите заинтересирани учесници во образованието од локалната заедница.

Училиштето соработува со следните институции од локалната средина: основни и средни училишта, градинки, информативни медиуми, институти од областа на културата и др.

Училиштето соработува со други училишта при решавање на конфликтни ситуации заради размена на искуства, консултации, учество во заеднички проекти и др.

Соработката се остварува на високо ниво со тоа што и родителите поради климата на работа во училиштето секогаш се добредојдени со свои идеи.

Училиштето е отворено за соработка како за учениците, родителите, медиумите така и за останатите образовни и културни институции од општината, основните и средните музички училишта во државата, МОН, БРО, ДПИ и други надлежни институции.

**СИЛНИ СТРАНИ:**

- Училиштето е препознатливо според високиот квалитет на работа, постигнување на успешни резултати на учениците на државни и меѓународни натпревари, нивни настапи на државни и локални медиуми, промовирање на највисоко наградените ученици преку посета на Локалната самоуправа и Градоначалникот на Општина Гевгелија. Со настапите на нашите ученици и со нивните достигнувања како на државно така и на меѓународно ниво не само што го промовираме нашето училиште, нашата Општина туку и нашата држава. Училиштето ја негува родовата сензитивност,поголем дел од наставниот кадар ужива респект кај родителите и учениците. Учениците и вработените во училиштето се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.
- Училиштето има кодекс на однесување со кој се поставени правилата и принципите на однесување на сите структури во училиштето (раководниот кадар, наставниците, техничкиот персонал, учениците и родителите). Во неговата изработка учествуваа наставници поединци, а при неговото усвојување е спроведена демократска процедура со учество на претставници на сите структури и таквите процедури ги спроведува во практика.
- Комуникацијата помеѓу наставниците, родителите и учениците е успешна, училиштето води политика за взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето едни со други. Сите ученици се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Вработените лица, заедно со наставниците внимаваат сите ученици да добијат еднаков третман во индивидуалната и во групната настава.
- Заради успешно справување со дисциплината во училиштето нема прекини во учењето и наставата. Меѓусебната соработка на училиштето со родителите е на завидно ниво, бидејќи секојдневно се остваруваат контакти на релација родители-одделенски и предметни наставници, а оваа соработка се повеќе се зацврстува преку работата на Советот на родители. Дисциплината во училиштето е многу добра. Учениците се совесни, соработуваат со кадарот и меѓусебно и учтиво се однесуваат. Часовите течат со определена динамика.
- Исклучително добра соработка со локалната средина, односно со сите воспитно – образовни и културни институции во Општината.
- Соработка на високо ниво со Локалната самоуправа на Општина Гевгелија.
  Постојана взаемна соработка со медиумите и јавните гласила на локално нивосо што постојано се афирмира училиштето и се објавуваат постигнатите резултати на учениците и училиштето.

**СЛАБИ СТРАНИ**

- Учениците малку придонесуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки за работите што се од нивен непосреден интерес и делумно задоволува.
- ❖ Потреба од концертно пијано

**ИДНИ АКТИВНОСТИ: ПРИОРИТЕТНИ ПОДПОДРАЧЈА (ОДДЕЛИ) ВО РАМКИТЕ НА ОВА ПОДРАЧЈЕ КОИ МОЖЕ ДА БИДАТ ВКЛУЧЕНИ ВО ПЛАНОТ ЗА РАЗВОЈ НА УЧИЛИШТЕТО**

- Методички работилници за родителите преку кои ќе се запознаат со правата и обврските на децата.
- Тимот за училишна клима и односи во училиштетоќе се потруди да ја подобри климата помеѓу вработените во училиштето, како и односите помеѓу наставниците, родителите и директорот:
  1. Почитување на Законот за образование и планот и програмата на БРО.
  2. Тимска работа и функционирањето на стручните активи на училиштето.
  3. Организирање на посета на концерти на филхармонија, опера и балет и сл.
  4. Постигање во соработка со локалната самоуправа на Општина Гевгелија да се обезбеди концертно пијано.

## Подрачје 4. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ

***Индикатори:***

**4.1 Управување и раководење со училиштето**

**4.2. Цели и креирање на училишната политика**

### Идикатор 4.1. Управување и раководење со училиштето

| Извори на податоците | Теми по индикатори | Добиени информации |
|---|---|---|
| • Записник од интегрална евалуација<br>• Записници од училишен одбор<br>• Записници од наставнички совет<br>• Статут на училиштето<br>• Закон за основно образование | Управување со училиштето<br><br>Раководење со училиштето<br><br>Управување и раководење со ресурсите<br><br>Раководење со кадарот<br><br>Следење и унапредување на наставниот процес | • Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива. Ги извршува своите обврски, води дискусии, покренува прашања и превзема активна улога во управување на училиштето. Во досегашната работа на овој состав има примери на конкретни чекори за идентификување на состојбите. Транспарентноста на работата на Училишниот одбор е многу добра. Училишниот одбор соработува со директорот на училиштето на суштинско ниво. Директорот на училиштето ги идентификува слабостите на училиштето и превзема активности за нивно надминување. Донесува одговорни одлуки.<br>• Целите на училиштето се во согласност со државната и локалната образвна политика. Во училиштето овие цели јасно се адаптирани на подобрување на квалитетот на воспитно – образовниот процес и јасно е како тие придонесуваат за подобрување на севкупната состојба во училиштето. Органите и телата во училиштето активно се вклучени во креирањето на училишната образовна политика.<br>• Училишниот одбор редовно оддржува седници, на кои, согласно записниците водени од овие седници, може да се види редовноста и посветеноста на членовите кон несебично и објективно работење, со цел за што поуспешна работа на училиштето.<br>• Седниците на Училишниот одбор ги свикува претседателот на одборот и раководи со нив, а во негово отсуство заменикот-претседател на Училишниот одбор. Членовите се редовни на состаноците, така што нема случаи на одлагање на истите.<br>• За секоја седница се води записник со дневен ред, присутност на членови, како и текот на состанокот. Записникот се внесува во деловник.<br>• По предлог на Наставничкиот совет, Училишниот одбор во овие две години има донесено правилник за:<br><br>- Правилник за избор на ученик на генерацијата |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Надлежностите за управување на Училишниот одбор се јасно дефинирани со Деловник за работа и се во согласност со Законот за основно образование.<br>• Одлуките донесени на седниците на Училишниот одбор се донесени со мнозинство на гласови.<br>• Сите одлуки донесени на Училишниот одбор ги спроведува раководниот орган – директорот на училиштето.<br>• Целите на училиштето се во согласност со образовната политика преку инкорпорација на Законот за основно образование, Статутот на училиштето и останатите подзаконски акти кои ги донесува МОН и БРО.<br>• Директорот е отворен за разновидни иницијативи покренати од воспитно- образовниот кадар, учениците, родителите и локалната средина, а се во согласност со законските прописи и сите други видови на планирања во училиштето.<br>• Раководителот – директорот собира информации од учениците, родителите и наставниците со цел да се подобри квалитетот на наставата и да се отстранат евентуалните недостатоци. Сите субјекти во училиштето се навремено известени за одлуките и активностите на раководниот орган.<br>• Директорот остварува соработка со сите субјекти кои го сочинуваат наставниот процес во училиштето. Комуникацијата и соработката со наставниците се одвива преку секојдневните контакти како и наставнички совет, на кој се донесуваат заклучоци и одлуки кои директорот е должен да ги реализира.<br>• Информирањето на заинтересираните субјекти (наставници, ученици, родители) се врши преку писмени документи, огласната табла и усно преку индвидуални и групни контакти.<br>• Директорот воспоставува продуктивни партнерства со непосредната и поширокота заедница. Своето работење го заснова преку вклучување на вработените во процесот на развојот на политики на планирање и обезбедување квалитет. |

**Идикатор 4.2. цели и креирање на училишната политика**

| Извори на податоците | Теми по индикатори | Добиени информации |
|---|---|---|
| • Записници од наставнички совет училишен одбор, родителски | Процедури за креирање на училишната политика<br><br>Резултати од развојно планирање | • Целите на училиштето се во солгасност со целите на државната и локалната образовна политика.<br>• Покрај образовната, концертната дејност е приоритетна цел во политиката на нашето училиште. За остварување на истата, учениците од страна на своите наставници постојано се мотивираат за што побројни и поуспешни настапи на полето на јавна и културна дејност. |

| | | |
|---|---|---|
| средби<br><br>• Статут на училиштето<br>• Самоевалуација<br>• План за развој на училиштето | Планирање и управување со училишниот буџет | • Тие се јасни и насочени кон подобрување на квалитетот на наставата и подобрување на постигањата на учениците. Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на целите, началата и вредностите на училиштето, а училиштето ги запознава со нивното остварување и подобрување.<br>• Во креирањето на училишната политика се вклучени, директорот, Училишниот одбор, Советот на родители и Ученичка заедница. За креирање на училишната политика се информираат сите заинтересирани субјекти и стручни органи. Наставниците се информираат преку Наставнички совет, родителите преку Советот на родители. Преку средби, разговори, состаноци и консултации се остварува солидна соработка.<br>• Сите субјекти се информирани и вклучени во донесувањето одлуки, барања и се запознаени со финансиското работење на училиштето.<br>• Секоја учебна година се изготвува Годишна програма за работа на училиштето за кои е одговорен директорот на училиштето. На крајот од учебната година се изготвува Годишен извештај. Сите овие се на увид на постоечките органи во училиштето, а по предлог на Училишниот одбор ги усвојува советот на општина Гевгелија.<br>• Сите индикатори во училиштето се мобилизираат за да работат на остварување на целите, земајќи ги секогаш во предвид мислењата на родителите и учениците.<br>• За годишното планирање во училиштето е одговорен директорот, во соработка со Наставничкиот совет, стручните активи и соработници кои ја изготвуваат Годишната програма за работа на училиштето.<br>• Директорот редовно и навремено ги идентификува и планира потребите од материјално – технички средства, преку разговор со наставниците, индивидуални разговори со родителите и учентитие, увид во постоечката состојба во училиштето, предлог финансискиот план и Годишната програма за работа на училиштето. |

| **АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ:** |
|---|
| • Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето.<br>• Надлежностите за управување се јасно дефинирани со Деловник за работа на Училишниот одбор. Училишниот одбор им обезбедува редовни, |

| |
|---|
| детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес.<br>• Во раководниот тим постои позитивна клима. Раководниот орган има стратешка определба заснована на јасна визија која ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштетто.<br>• Консултациите на релација раководен тим – други субјекти на училиштето се на задоволително ниво.<br>• Училиштето има донесено кодекс на однесување на учениците што во голема мера придонесува за подобрување на дисциплината на учениците.<br>• За политиката на училиштето се информираат сите инволвирани страни во образовниот процес преку соодветни органи. |
| **СИЛНИ СТРАНИ:** |
| • Ангажираност во афирмација на училиштето;<br>• Јасна дефинираност на работните задачи и обврски на вработените;<br>• Ефективна комуникација меѓу управниот, раководниот орган и Наставничкиот совет;<br>• Учество на наставниците при донесување на значајни одлуки од страна на директорот;<br>• Успешна соработка помеѓу колегите, како и помеѓу наставниците и учениците;<br>• Добра работна атмосфера;<br>• Изготвени куќен ред, правилници и кодекси за потребите на училиштето. Досега истите без никакви нарушувања се почитуваат.<br>• Валидни визија и мисија на училиштето, валиден деловодник за работа на училишниотодбор<br>• Редовно водена административна документација<br>• Запазување на формата на документацијата пропишана со подзаконските акти (Годишната програма за работа на училиштето, а  исто така и Полугодишниот и Годишниот извештај за работата на училиштето го следи истиотформат)<br>• Почитување на законските прописи и постапки во сите сфери (вклучително во сферата на финансии)<br>• Уредно и навремено свикување на состаноците на Училишниот одбор, советот на родители и Наставничкиот совет, со предлог- дневен ред<br>• Конструктивен и партнерски однос помеѓу органите на управување ираководење; |
| **СЛАБИ СТРАНИ** |
| • Непостоење на стручна и правна служба во училиштето;<br>• Директорот се соочува со потешкотии од аспект на недоволен тим на стручни соработници. |
| **ИДНИ АКТИВНОСТИ:  ПРИОРИТЕТНИ ПОДПОДРАЧЈА (ОДДЕЛИ) ВО РАМКИТЕ НА ОВА ПОДРАЧЈЕ КОИ МОЖЕ ДА БИДАТ ВКЛУЧЕНИ ВО ПЛАНОТ ЗА РАЗВОЈ НА УЧИЛИШТЕТО** |
| • Изработка на програма за работа на тимот за професионален развој во која ќе се земат предвид компетенциите потребни за кариерен развој на наставниците со цел да се востанови систем со кој ќе им се помогне на наставниците да се подготват и да ги развијат компетенциите потребни за кариерниот развој и тоа не само основните компетенции, туку и оние потребни за настаник- ментор и наставник-советник |

# РЕЗИМЕ ОД ИЗВРШЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА

**Врз основа на членовите 128, 129, 130 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019 и 229/20),** Тимот за изготвување самоевалуација на работата на ООМУ „Васо Карајанов“ - Гевгелија, во периодот од јуни – август 2024 година, изврши самоевалуација на работата во училиштето за претходните две учебни години. Во текот на работата, комисијата за самоевалуација оствари средби и разговори со сите вработени во училиштето.Се изврши проверка на потребната документација и од неа се користеа повеќе податоци. Исто така беа спроведени анкети со учениците, наставниците, Директорот и родителите. Сите добиени податоци беа анализирани и врз нивна основа се донесе извештај за четирите подрррачја кои ја опфаќаат самоевалуацијата на училиштето.

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1.Планирање, настава и учење | Соња Панова, Виолета Чокова, Костадин Издушнов, Маја Зафирова |
| 2.Постигања на учениците | Соња Панова, Виолета Чокова, Костадин Издушнов, Маја Зафирова |
| 3.Училишна клима и односи во училиштето | Соња Панова, Виолета Чокова, Костадин Издушнов, Десанка Цуклева |
| 4.Управување и раководење | Соња Панова, Виолета Чокова, Маја Зафирова, Десанка Цуклева |

За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование, од Проектот за модернизација на образованието и Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ.

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување.Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето.На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес.Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и вонаставните активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се во се помал број, а јаките да се оддржуваат, односно зголемуваат.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 15 август 2024 година тимот ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето:**<br>• Наставниците ги реализираат наставните планови и програми одобрени од МОН. При реализацијата се користат современи форми и методи за работа.<br>• Наставниците ги прилагодуваат наставните содржини спрема способностите на учениците, преку адекватен, индивидуален пристап кон секој ученик.<br>• Покрај задолжителната настава, наставниците ја планираат и реализираат и вонннаставната активност во училиштето, низ која учениците се стекнуваат со проширени знаења, умеења и навики.<br>• Учениците се вклучуваат во вонннаставните активности по сопствен избор и тие имаат водечка улога при изготвувањето на вонннаставните активности( концерти, јавни настапи, училишни натпревари,смотри итн.) а наставниците ја имаат советодавната координативна улога.<br>• Учениците се вклучени во активности како што се: натпревари, концерти, јавни настапи, смотри, училишни приредби, класни концерти итн.<br>• Сето тоа е планирано во годишната програма и реализирано, наградените ученици на натпревари добиваат дипломии пригодни награди и пофалници, на наставнички совет се читаат и јавно се пофалуваат учениците што добиле признанија и дипломи и сите нивни успеси и награди се евидентираат како  активност на ученикот во тековната учебна година<br>• Учениците се секогаш стимулирани и поддржани од училиштето и наставниците да учествуваат на локални и државни натпревари и манифестации, и со подршка од училиштето и наставниците се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално и државно ниво.<br>За постигнатите резултати учениците и училиштето се афирмираат и преку веб порталот на училиштето, локалниот месечен весник, на локалните медиуми итн. |
| **СИЛНИ СТРАНИ:**<br>❖ Синхронизација на наставните програми со потребите и можностите на учениците;<br>❖ Квалитетен индивидуализиран пристап на наставниците за потребите на учениците;<br>❖ Редовни планирања и подготовки на наставниот процес и успешна реализација на концертна дејност;<br>❖ Водење на наставниот процес со сите видови на интеракција помеѓу наставниците и учениците;<br>❖ Комуникација со училиштата од овој вид (размена на искуства и идеи, организирање на концерти и сл.)<br>❖ Збогатување со нови наставни содржини (нотна литература)<br>❖ Јавни настапи со што се овозможува афирмација на училиштето и учениците во разни манифестации.<br>❖ Училиштето успешно ја спроведува програмата за јавна и културна дејност<br>❖ Учениците имаат можност да го искажат своето мислење и да учествуваат во давање на предлози во разновидноста на програмата.<br>❖ Учество на учениците на локални, регионални, државни и меѓународни натпревари и други манифестации;<br>❖ Во училиштето се следи планирањето и реализацијата нанаставата.<br>❖ Училиштето нуди можност за примена на ИКТ во наставата,<br>❖ Во училиштето се користат разновидни наставни форми, методи, техники и активности што се соодветни на потребите на учениците. |

**СЛАБИ СТРАНИ:**

- ❖ Семинари и обуки кои би овозможиле осовременување на наставниот процес;
- ❖ Обуки за оценување

**ПРИОРИТЕТИ:**

- ➢ Афирмација и високи резултати на учениците преку квалитетна настава
- ➢ Поголема вклученост на учениците при планирањето на воннаставните активности.
- ➢ Оспособување на наставниците за самостојно изработување на ИКТ ресурси.
- ➢ Афирмирање на училиштето преку јавните настапи и натпревари на учениците

## Подрачје 2: Постигања на учениците

**Опис/резиме на подрачјето:**

- Училиштето располага со електронски верзии на годишните програми за работа на училиштето, како и електронски верзии на сите полугодишни и годишни извештаи кои училиштето со закон е должно да ги донесе и да ги архивира.
- Следење на постигање на учениците од различен пол по наставни предмети и квалификациони периоди,се применува во полугодишните и годишните извештаи на наставниците по наставни предмети е проследено и документирано во извештаите на училиштето со среден успех на учениците.
- Се заклучува дека средниот успех на учениците од двата пола и етничка припадност,секогаш е со висок просек,што се должи на карактерот на нашето училиште,посветено на таленти и ученици со голема желба да ја изучуваат музичко балетската уметност. Се реализираат училишните програми и програмите на стручните активи со што се овозможува можност на учениците за потполно користење на нивните квалитети и капацитети.
- Идентификација на учениците со тешкотии во учењето е спроведено од наставниците во индивидуалната настава и групната настава.Иако овој број на ученици е мал им се посветува внимание преку дополнителната настава и прилагодување на програмот со нивните можности што е предвидено и дозволено во наставните програми.
- Идентификацијата на надарени ученици е основа на работата на нашето училиште.Наставниците работат со целта откривање на таленти,систематско работење на програмата за работа,поттик за напорното вежбање и изучување на дадениотматеријал.Наставниците настапуваат со посебен педагошки пристап од охрабрувачки карактер, најмногу пред предстојните ревијални или натпреварувачки настапи.
- Училиштето има план за дејствување во текот на целата година со цел поуспешна презентација на училиштето и со тоа привлекување на поголем број на нови ученици.Се следи редовноста во наставата и истата е на задоволително ниво.Специфичноста на нашето училиште,музичко и балетско основно образование кажува необавезно образование и најмногу опфаќа талентирани ученици.Секое дете има можност да се запише во нашето училиште, но и неминовноста на природна селекција на учениците и нивно осипување во текот на нивното школување кај нас.

Во училиштето нема случај на повторување на ученик поради карактерот на ова образование.Со полагање на годишните испити учениците ја завршуваат годината,додека тие ученици кои од оправдани причини не се во можност да го полагаат годишниот испит во јуни,спроведен е годишен испит во август.

**СИЛНИ СТРАНИ:**

- Училиштето располага со комплетни податоци внесена во единствена база на податоци по пол и етничка припадност, по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди.
- Училиштето планира и превзема конкретни активности за континуирано задржување на веќе постоечкиот висок просек на средниот успех. Средниот успех на учениците од двата пола и етничка припадност е секогаш со висок просек.
- Спроведено е известувањето на родителите со евидентни листови со успехот и поведението на учениците на секое тромесечје .Редовно се оддржуваат родителски средби кои се евидентираат во наставните дневници како и поединечни средби со родителите.По потреба се повикуваат родителите да се укаже на проблемите со ученикот.Последните 2 години се посветува поголемо внимание и напор за нивна застапеност во учество на јавни настапи ,за поуспешно градење на нивната самодоверба и потик за совладување на дадениот материјал. Наставниците работат соцелта откривање на таленти,систематско работење на програмата за работа,поттик за напорното вежбање и изучување на дадениот материјал.Голем број на учество на ученици од сите класина државни и меѓународни натпревари. Голем број на концерти и други јавни настапи.
- Училиштето има план за дејствување во текот на целата година со цел поуспешна презентација на училиштето и со тоа привлекување на поголем број на нови ученици. Запишаните ученици потекнуваат од градот и населенитеместа.
- Се следи редовноста во наставата и истата е на задоволително ниво. Учениците кои се со поголем број на изостаноци навремено се известуваат родителите и се бара причината за нередовноста на ученикот

**СЛАБИ СТРАНИ:**

- Училиштето има потреба од подобрување на веб страната во смисла на почесто и навремено ажурирање на податоци и информации.

**ПРИОРИТЕТИ:**

- Воведување на нови иновативни методи на предавање на наставниот материјал со цел да се поедностави тежината и обемот на наставните содржини
- Создавање на стратегија за афирмација преку медиуми за постигнатите резултати од натпреварите на надарените и талентирани ученици.
- Воведување на дневник за регистрирање на концертни настапи и натпревари на учениците и нивните наставници
- Промовирање од страна на училиштето на секој можен начин на уверувањето дека постигнувањата на учениците и наставниците можат да се подобрат, односно да важи девизата она што е добро да не задоволи туку тоа да го направиме уште подобро за доброто на сите.
- Превземање мерки за осипување на ученици.

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

**Опис/резиме на подрачјето:**

Музичкото училиште води целосна грижа за остварувањето на визијата и мисијата кои се истакнати на видно место во училиштето. Исто така се води и грижа за родовата сензитивност.При формирањето на паралелките, односно, при секое запишување на нови ученици, се прави аудиција за прием на ученици кои што се талентирани на истата секој ученик добива право да се запише во Музичкото училиште според индивидуалните музички спосбности кај истите. Училиштето обезбедува еднакви наставни содржини за сите ученици штоза учениците со потешкотии во учењето се изведува дополнителна настава, а за талентираните ученици се организира додатна настава. Со тоа наставниците ги поддржуваат талентираните ученици, а учениците кои што

имаат потешкотии во учењето, преку изведување на дополнителна настава го надополнуваат она што е потешко или помалку јасно. За сите поважни случувања поврзани со учениците, се дискутира со родителите на родителско-наставничките средби (групни и индивидуални), со сите проблеми, доколку ги има се запознава и Советот на родители, Училишниот одбори, Ученичката заедница. Музичкото училиште има Кодекс на однесување, а има и пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата.

Дисциплината на учениците е добра.Нема проблеми поврзани со лошо однесување на учениците за време на настава, а речиси секоја нередовност на ученик, е оправдана од родител или медицинско лице. Заради тоа во училиштето нема прекини во учењето и наставата.

Наставниците постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на приемот и нивното заминување од училиштето. Особено им се дава голема важност на учениците кои што се многу мали, а сами доаѓаат на настава. Секој наставник има податоци за секој таков ученик и редовно контактира со родителите околу доаѓањето и заминувањето. Учениците се навремено и целосно информирани за се што е од нивен интерес. Тие учествуваат во решавањето на проблеми и донесувањето на одлуки.

Постои професионална соработка меѓу вработените кои ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други и да се чувствуваат прифатени од вработените и другите ученици без оглед на разликите.

За да ги промовира личните постигнувања на учениците училиштето: јавно ги пофалува, организира јавна презентација на постигањата на училиштето, врши презентација на јавни културни приредби со учество на ученици, учествува на натпревари и конкурси од државен или меѓународен карактер, фестивали и др..

Училиштето ги следи сите ученици и води грижа да добијат еднаков третман. Еднаквоста и правичноста во третманот на учениците започнува уште со нивниот упис во училиштето.

Родителите се информираат за се што е поврзано со нивното дете од страна на наставникот. Со нив се комуницира најчесто усно, но по потреба и писмено. При информирањето им се даваат информации за: успехот во наставата, поведението на ученикот, пофалба. На родителите на наставничко родителските средби ,средби на Советот на родители на ниво на училиште им се даваат информации за: наставниот кадар, наставните планови и програми, постигањата на учениците, организационата поставеност на училиштето, Кодексот на однесување, Куќниот ред во училиштето итн.Дел од родителите се недоволно информирани од страна на некои наставници за работата и правилата во училиштето при што доаѓа до недоразбирање и реакции од страна на родителите, меѓутоа тимот за училишна клима и односи во училиштетоќе се потруди да ја подобри климата помеѓу вработените во училиштето како и односите помеѓу наставниците и родителите.

Училиштето соработува со другите заинтересирани учесници во образованието од локалната заедница.

Училиштето соработува со следните институции од локалната средина: основни и средни училишта, градинки, информативни медиуми, институти од областа на културата и др.

Училиштето соработува со други училишта при решавање на конфликтни ситуации заради размена на искуства, консултации, учество во заеднички проекти и др.

Соработката се остварува на високо ниво со тоа што и родителите поради климата на работа во училиштето секогаш се добредојдени со свои идеи.

Училиштето е отворено за соработка како за учениците, родителите, медиумите така и за останатите образовни и културни институции од општината, основните и средните музички училишта во државата, МОН, БРО, ДПИ и други надлежни институции.

**СИЛНИ СТРАНИ:**

- Училиштето е препознатливо според високиот квалитет на работа, постигнување на успешни резултати на учениците на државни и меѓународни натпревари, нивни настапи на државни и локални медиуми, промовирање на највисоко наградените ученици преку посета на Локалната самоуправа и Градоначалникот на Општина Гевгелија. Со настапите на нашите ученици и со нивните достигнувања како на државно така и на меѓународно ниво не само што го промовираме нашето училиште, нашата Општина туку и нашата држава. Училиштето ја негува родовата сензитивност,поголем дел од наставниот кадар ужива респект кај родителите и учениците. Учениците и вработените во училиштето се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.
- Училиштето има кодекс на однесување со кој се поставени правилата и принципите на однесување на сите структури во училиштето (раководниот кадар, наставниците, техничкиот персонал, учениците и родителите). Во неговата изработка учествуваа наставници поединци, а при неговото усвојување е спроведена демократска процедура со учество на претставници на сите структури и таквите процедури ги спроведува во практика.
- Комуникацијата помеѓу наставниците, родителите и учениците е успешна, училиштето води политика за взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето едни со други. Сите ученици се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Вработените лица, заедно со наставниците внимаваат сите ученици да добијат еднаков третман во индивидуалната и во групната настава.
- Заради успешно справување со дисциплината во училиштето нема прекини во учењето и наставата. Меѓусебната соработка на училиштето со родителите е на завидно ниво, бидејќи секојдневно се остваруваат контакти на релација родители-одделенски и предметни наставници, а оваа соработка се повеќе се зацврстува преку работата на Советот на родители. Дисциплината во училиштето е многу добра. Учениците се совесни, соработуваат со кадарот и меѓусебно и учтиво се однесуваат. Часовите течат со определена динамика.
- Исклучително добра соработка со локалната средина, односно со сите воспитно – образовни и културни институции во Општината.
- Соработка на високо ниво со Локалната самоуправа на Општина Гевгелија.
  Постојана взаемна соработка со медиумите и јавните гласила на локално нивосо што постојано се афирмира училиштето и се објавуваат постигнатите резултати на учениците и училиштето.

**СЛАБИ СТРАНИ:**

- Учениците малку придонесуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки за работите што се од нивен непосреден интерес и делумно задоволува.
- Потреба од концертно пијано

**ПРИОРИТЕТИ:**

- Методички работилници за родителите преку кои ќе се запознаат со правата и обврските на децата.
- Тимот за училишна клима и односи во училиштетоќе се потруди да ја подобри климата помеѓу вработените во училиштето, како и односите помеѓу наставниците, родителите и директорот:
  1. Почитување на Законот за образование и планот и програмата на БРО.
  2. Тимска работа и функционирањето на стручните активи на училиштето.
  3. Организирање на посета на концерти на филхармонија, опера и балет и сл.
  4. Постигање во соработка со локалната самоуправа на Општина Гевгелија да се обезбеди концертно пијано

## Подрачје 4: Управување и раководење

**Опис/резиме на подрачјето:**

- Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето.
- Надлежностите за управување се јасно дефинирани со Деловник за работа на Училишниот одбор. Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес.
- Во раководниот тим постои позитивна клима. Раководниот орган има стратешка определба заснована на јасна визија која ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштетто.
- Консултациите на релација раководен тим – други субјекти на училиштето се на задоволително ниво.
- Училиштето има донесено кодекс на однесување на учениците што во голема мера придонесува за подобрување на дисциплината на учениците.

За политиката на училиштето се информираат сите инволвирани страни во образовниот процес преку соодветни органи.

**СИЛНИ СТРАНИ:**

- Ангажираност во афирмација на училиштето;
- Јасна дефинираност на работните задачи и обврски на вработените;
- Ефективна комуникација меѓу управниот, раководниот орган и Наставничкиот совет;
- Учество на наставниците при донесување на значајни одлуки од страна на директорот;
- Успешна соработка помеѓу колегите, како и помеѓу наставниците и учениците;
- Добра работна атмосфера;
- Изготвени куќен ред, правилници и кодекси за потребите на училиштето. Досега истите без никакви нарушувања се почитуваат.
- Валидни визија и мисија на училиштето, валиден деловодник за работа на училишниотодбор
- Редовно водена административна документација
- Запазување на формата на документацијата пропишана со подзаконските акти (Годишната програма за работа на училиштето, а исто така и Полугодишниот и Годишниот извештај за работата на училиштето го следи истиотформат)
- Почитување на законските прописи и постапки во сите сфери (вклучително во сферата на финансии)
- Уредно и навремено свикување на состаноците на Училишниот одбор, советот на родители и Наставничкиот совет, со предлог- дневен ред
- Конструктивен и партнерски однос помеѓу органите на управување и раководење

**СЛАБИ СТРАНИ:**

- Непостоење на стручна и правна служба во училиштето;
- Директорот се соочува со потешкотии од аспект на недоволен тим на стручни соработници.

**ПРИОРИТЕТИ:**

Изработка на програма за работа на тимот за професионален развој во која ќе се земат предвид компетенциите потребни за кариерен развој на наставниците со цел да се востанови систем со кој ќе им се помогне на наставниците да се подготват и да ги развијат компетенциите потребни за кариерниот развој и тоа не само основните компетенции, туку и оние потребни за настаник- ментор и наставник - советник

**Според целосно извршената самоевалуација, Комисијата ја оцени работата на училиштето со оценка многу добар.**

Оваа оценка претставува збир на целокупната состојба и работа во училиштето, која е добиена од четирите подрачја, кои ја опфаќаат самоевалуацијата на училиштето.

Квалитетот на анализираните теми и области се евалуирани на четири нивоа (многу добро, добро, делумно задоволува и не задоволува) според однапред одредените индикатори. Врз основа на дадената оценка се изведени судовите и заклучоците каде се наоѓа нашето училиште, во која насока се движи и кои се неговите позначајни постигања. Придонес за ваквата донесена оценка имаат сите вработени во училиштето и учениците, како и родителите.

Комсија за спроведување на СЕУ:

__________________________

__________________________

__________________________

__________________________

__________________________

М.П. Директор:

____________________